РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08-408/7
28.11.2022 год.

Врз основа на член 48 став (2) точка 3 и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 44-та седница одржана на 19.10.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиска програма „Кризен менаџмент" од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултет за безбедност, на при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма „Кризен менаџмент" од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултет за безбедност, на при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по управување со кризи и безбедност/во меѓународен промет академски студии назив: Master in Crisis Management and Security..

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 506 Организациски науки и управување (менаџмент), 515 Одбрана; Научно – истражувачка област: 51600 Општа криминалистичка теорија, 51602 Природонаучна криминалистика, 51603 Криминологија, 51609 Основи на науката на полицијата, 50624 Друго – кризен менаџмент, 51504 Етиологија на загрозување, 51507 Цивилна заштита.

5. Број на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 20 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 14-1106/5-2 од 28.12.2020 година од Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиска програма „Кризен менаџмент" од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултет за безбедност, Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-67/1-1 од 15.01.2021 година (наш бр. 08 - 408/1 од 22.01.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација на високото образование, на 11-та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-408/6 од 09.11.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 44-та седница одржана на 19.10.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф.д-р Татјана Стојаноска Иванова